HALKBANK
Skopje

# Градиме нов тим

**во Дирекција за финансиско управување, планирање и известување.**

Одлична можност да се приклучите кон реномирана финансиска институција и да станете дел од професионалниот тим на Дирекцијата за финансиско известување и планирање.

Согласно тековните потреби, процеси и активности во Халкбанк АД Скопје, објавуваме оглас за прием на нововработени лица на следната работна позиција:

## Самостоен референт во Одделение за финансиска контрола – референца бр. 004/2023

### Главни работни задачи:

- Финансиско известување кон Централната Банка и Матичната Банка
- Следење на Точна евиденција, и учествува во автоматизација на процеси и извештаи
- Врши контролна функција на процесите и состојбите во Дирекцијата Финансии и останатите Дирекции на Банката
- Извршување на специјални анализи по барање на менаџментот
- Тесна соработка со Екстерните ревизии и достава на материјали до нив, како и контрола на доставените материјали
- Следење на дејствијата на одговорните лица во врска препораките од внатрешна ревизија.
- Асистира во дневните активности на Директорот на Дирекцијата
- Градење и одржување на професионални односи со страните кои биле предмет на ревизија и управување преку одржување на редовни врски со вработените од другите дирекции со цел да се одговори на неусогласеностите, ревизорските наоди, препораки и други релевантни прашања
- Следење и почитување на промени тата и новата регулативата како и документи и информации добиени од претпоставен во врска работењето на банката

### Потребни квалификации и карактеристики:

- Универзитетска диплома од економски науки: ревизија/сметководство/финансии
- Минимум 5 (пет) години работно искуство во областа на ревизија / сметководство/ банкарство/ финансии
- Течно зборување на македонски и англиски јазик; познавање на други јазици ќе се смета за предност
- Напредно користење на MS-Office (Word, Excel и Microsoft Outlook)
- Познавање на: Деловните банкарски технологии и процеси, закони и прописи во врска со сметководство / финансии / банкарството, операции, усогласеност со прописи и други релевантни ризици
- Способност за самостојно организирање и навремено исполнување на задачите
- Силни интерперсонални вештини

### Бенефиции:

- Приватно здравствено осигурување;
- Политика за наградување преку системот на бонуси;
- Континуирани обуки за кариерен и професионален развој;
- Динамична работна средина;
- Продуктивно работно опкружување;
- Редовни тим билдинг и спортски активности и настани за дружење;

Доколку сте заинтересирани за следната работна позиција, ве молиме да аплицирате најдоцна до 15.03.2023 на **career@halkbank.mk**
Ве молиме да го доставите вашето CV и пропратно писмо на англиски јазик, со назнака:
**Референца Бр. 004/2023 – Самостоен Референт во Одделение за Финансиска контрола**
Само кандидатите кои ќе влезат во процесот на селекција ќе бидат контактирани.